Влада на Република Северна Македонија
**Генерален секретаријат**

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
**Sekretariati i Përgjithshëm**

# Извештај
за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2023 година

# Raport
mbi procesin e konsultimeve gjatë përgatitjes së propozimit të ligjeve, shfrytëzimit të RVEN-it dhe mekanizmave të tjerë për bashkëpunim me organizatat civile në vitin 2023

Скопје, март 2024 година

Shkup, mars 2024

# 1. Вовед

Консултациите со граѓанското општество во процесите на креирање политики и донесување на закони и други акти претставуваат важен дел на современиот, демократски процес на управување со јавните политики, но и еден од клучните чекори во зајакнувањето на соработката, дијалогот и довербата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и граѓанското општество.

Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики[1] утврдува дека соработката на Владата и органите на државната управа со граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики може да се остварува во облик на: информирање, консултации, дијалог и партнерство, во сите фази од процесот на креирање на политики: во процесите на утврдување приоритети во креирањето политики при изработката на годишната Програма за работа на Владата, при изготвување на закони и подзаконски акти, документи за политики и стратегии и акциски планови, во процесите на спроведување, следење или изменување на законодавството. Согласно член 14 од Кодексот, Генералниот секретаријат на Владата еднаш годишно објавува повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија.

Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) претставува централна точка каде се објавуваат предлозите на закони пред нивното доставување во владина постапка и подлежат на коментари од страна на засегнатите страни. ЕНЕР е алатка која постојано се развива и нејзиното користење од страна на засегнатите страни е од суштинско значење за

# 1. Hyrje

Konsultimet me shoqërinë civile në proceset e krijimit të politikave dhe sjelljes së ligjeve dhe akteve të tjera paraqesin pjesë të rëndësishme të procesit demokratik bashkëkohor të menaxhimit me politikat publike, por edhe një ndër hapat kryesore në përforcimin e bashkëpunimit, dialogut dhe besimit ndërmjet Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe shoqërisë civile.

Kodeksi i praktikave të mira për pjesëmarrjen e sektorit civil në procesin e krijimit të politikave përcakton se bashkëpunimi i Qeverisë dhe organeve të administratës shtetërore me sektorin civil në procesin e krijimit të politikave mund të realizohet në formën e: informimit, konsultimeve, dialogut dhe partneritetit, në të gjitha fazat e procesit të krijimit të politikave: në proceset e përcaktimit të prioriteteve në krijimin e politikave në përgatitjen e Programit vjetor të punës së Qeverisë, në përgatitjen e ligjeve dhe akteve nënligjore, dokumenteve për politika dhe strategji dhe planet e veprimit, në proceset e zbatimit, monitorimit apo ndryshimit të legjislacionit. Në përputhje me nenin 14 të Kodeksit, Sekretariati i Përgjithshëm i Qeverisë një herë në vit publikon thirrje për sektorin civil për kontribut në përgatitjen e Programit vjetor të punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Regjistri i Vetëm Elektronik Nacional i Rregullave (RVEN) paraqet pikë qendrore ku publikohen propozimet e ligjeve para dorëzimit të tyre në procedurë qeveritare dhe i nënshtrohen komenteve nga palët e prekura. RVEN-i është mjet i cili vazhdimisht zhvillohet dhe shfrytëzimi i tij nga palët e prekura është me rëndësi thelbësore për

[1] „Службен весник на РМ“ бр.99/11
"Gazeta Zyrtare e RM-së" nr.99/11

целокупниот процес на консултации и донесување на законите.

Овој извештај е подготвен врз основа на анализа на податоците на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) и одговорите на Прашалникот за механизмите на консултација со граѓанските организации при подготовка на предлог-законите и други акти во 2023 година, што Генералниот секретаријат на Владата - организациона единица за соработка со граѓанските организации, го дистрибуираше до министерствата преку членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество. Извештајот содржи податоци за предлозите на закони утврдени од страна на Владата на Република Северна Македонија во периодот јануари-декември 2023 година.

procesin e përgjithshëm të konsultimeve dhe sjelljes së ligjeve.

Ky raport është përgatitur në bazë të analizës së të dhënave të Regjistrit të Vetëm Elektronik Nacional të Rregullave (RVEN) dhe përgjigjeve të Pyetësorit për mekanizmat e konsultimeve me organizatat civile gjatë përgatitjes së propozim-ligjeve dhe akteve të tjera në vitin 2023, që Sekretariati i Përgjithshëm i Qeverisë – Njësia organizative për bashkëpunim me organizatat civile, ua ka shpërndarë ministrive përmes anëtarëve të Rrjetit të nëpunësve shtetërorë për bashkëpunim me shoqërinë civile. Raporti përmban të dhëna për propozimet e ligjeve, të përcaktuara nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut në periudhën janar-dhjetor 2023.

## 2. Консултации со граѓанските организации при подготвување на Годишната програма за работа на Владата

## 2. Konsultimet me organizatat civile gjatë përgatitjes së Programit vjetor të punës së Qeverisë

Генералниот секретаријат – организациона единица за соработка со граѓанските организации, на својата интернет страница www.nvosorabotka.gov.mk и на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР), секоја година, објавува повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Годишната програма за работа на Владата. Повикот се објавува во втората половина од август и трае до 15 септември. Добиените иницијативи и предлози од граѓанските организации се објавуваат на www.nvosorabotka.gov.mk во рок од 7 дена од денот на добивањето на предлогот, а во рок од 30 дена се објавуваат повратни информации од надлежните министерства и другите органи на

Sekretariati i Përgjithshëm - Njësia organizative për bashkëpunim me organizatat civile, në faqen e internetit www.nvosorabotka.gov.mk dhe në Regjistrin e Vetëm Elektronik Nacional të Rregullave (RVEN), çdo vit publikon thirrje për sektorin civil për kontribut në përgatitjen e Programit vjetor të punës së Qeverisë. Thirrja publikohet në gjysmën e dytë të gushtit dhe zgjat deri më 15 shtator. Nismat dhe propozimet e pranuara nga organizatat civile publikohen në www.nvosorabotka.gov.mk në afat prej 7 ditësh nga dita e pranimit të propozimit, ndërsa në afat prej 30 ditësh publikohen informacionet e marra nga ministritë kompetente dhe organet tjera të administratës shtetërore për rëndësinë dhe pranimin e propozimit.

државната управа за релевантноста и прифатливоста на предлогот.

По Повикот за придонес на граѓанскиот сектор во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година, објавен на 17.8.2023 година, доставени се вкупно 24 предлози од 11 граѓански организации. Предлозите се проследени до ресорните министерства и други органи на државната управа, кои доставија вкупно 9 одговори по 7 предлози од граѓанските организации. Ресорните министерства во 6 случаи ги поддржуваат иницијативите на граѓанските организации и наведуваат дека ќе ги имаат предвид доставените предлози при изготвување на соодветната регулатива, а во 3 случаи наведуваат дека предлогот не може да биде прифатен, образложувајќи ги причините за тоа.

Pas Thirrjes për kontribut të sektorit civil në përgatitjen e Programit të punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2023, i publikuar më 17.8.2023, janë dorëzuar gjithsej 24 propozime nga 11 organizata civile. Propozimet i janë përcjellë ministrive resoriale dhe organeve të tjera të administratës shtetërore, të cilat kanë dorëzuar gjithsej 9 përgjigje për 7 propozime të organizatave civile. Ministritë resoriale në 6 raste i mbështesin nismat e organizatave civile dhe theksojnë se do të kenë parasysh propozimet e dorëzuara gjatë hartimit të rregullores përkatëse ligjore, ndërsa në 3 raste theksojnë se propozimi nuk mund të pranohet, duke shpjeguar arsyet për këtë.

**предлози во 2023**

**propozime në 2023**

Број на предлози од ГО - 24

Numri i propozimeve nga OC - 24

Број на ГО кои доставиле предлози - 11

Numri i OC që kanë dorëzuar propozime - 11

**одговори во 2023**

**përgjigje në 2023**

Број на одговорени предлози - 7

Numri i propozimeve të përgjigjura - 7

Вкупен број одговори од институции- 9

Numri i përgjithshëm i përgjigjeve nga institucionet - 9

## 3. Учество на граѓанските организации при подготвување на предлози на закони (консултации преку ЕНЕР и други форми на учество)

## 3. Pjesëmarrja e organizatave civile në përgatitjen e propozimit të ligjeve (konsultime përmes RVEN-it dhe forma të tjera të pjesëmarrjes)

Во периодот јануари-декември 2023 година од вкупно 113 предлози на закони утврдени од страна на Владата на Република Северна Македонија, 41 не подлежат на проценка на влијанието на регулативата (ПВР)[2]. Од 72 предлози на закони кои подлежат на ПВР, 37 (51,39%) биле објавени на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР), што претставува зголемување за 12,05% споредено со 2022 година (39,34%). Квалитетот на Извештаите за ПВР во делот Консултации не е на задоволително ниво. Од 49 подготвени Извештаи за ПВР, во 19 извештаи (38,78%) во овој дел само се наведени засегнатите страни или институциите од кои е побарано мислење. Примери за соодветно пополнет Извештај за ПВР во делот Консултации се: Предлог на закон за вработените во Министерството за одбрана (Министерство за одбрана), Предлог на закон за инсолвентност (Министерство за економија), Предлог на закон за административни службеници и Предлог на закон за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформација (Министерство за информатичко општество и администрација) и Предлог на закон за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата (Министерство за животна средина и просторно планирање).

Në periudhën janar-dhjetor viti 2023, prej gjithsej 113 propozime të ligjeve të përcaktuara nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, 41 nuk i nënshtrohen vlerësimit të ndikimit të rregullativës (VNRr). Nga 72 propozime të ligjeve që i nënshtrohen VNRr-së, 37 (51.39%) janë publikuar në Regjistrin e Vetëm Elektronik Nacional të Rregullave (RVEN), që paraqet rritje për 12,05% krahasuar me vitin 2022 (39,34%). Cilësia e Raporteve për VNRr-në në pjesën e Konsultimeve nuk është në nivel të kënaqshëm. Nga 49 Raporte të përgatitua, në 19 raporte (38,78%) në këtë pjesë janë përmendur vetëm palët e prekura ose institucionet nga të cilat është kërkuar mendim. Shembuj për Raport i VNRr-së i plotësuar në mënyrë përkatëse Raport i VNRr-së në pjesën e Konsultimeve janë: Propozimi i Ligjit i të Punësuarëve në Ministrinë e Mbrojtjes (Ministria e Mbrojtjes), Propozimi i Ligjit të Insolvencës (Ministria e Ekonomisë), Propozim i Ligjit të Nëpunësve Administrative dhe Propozimi i Ligjit të Sigurisë së Rrjeteve dhe Sistemeve Informative dhe Transferimit Digjital (Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës) dhe Propozimi i Ligjit të Shpalljes së Kanionit të Matkës për Monument të Natyrës (Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor).

[2] Согласно Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, проценка на влијанието на регулативата се спроведува за сите предлог-закони кои се доставуваат до Владата за разгледување и утврдување освен за: законите чие усвојување се предлага по итна постапка; законите за ратификација на меѓународни договори; законите со кои се врши терминолошко усогласување со други закони; Буџетот на Република Северна Македонија; законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија; законите за задолжување и законите за гаранција.
Në përputhje me Rregulloren e punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, vlerësimi i ndikimit të rregullativës zbatohet për të gjitha propozim-ligjet që i dorëzohen Qeverisë për shqyrtim dhe përcaktim, me përjashtim të: ligjeve që miratimi i tyre propozohet me procedurë urgjente; ligjet për ratifikimin e marrëveshjeve ndërkombëtare; ligjet me të cilat bëhet harmonizimi terminologjik me ligjet e tjera; Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut; Ligji për Realizimin e Buxhetit të Republikës së Maqedonisë së Veriut; ligjet e huamarrjes dhe ligjet e garancisë.







И покрај обврската утврдена во член 68-а од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, предлозите на закони надлежното министерство да ги објавува на својата интернет страница и во Единствениот национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР) www.ener.gov.mk, 48,68% од предлозите на закони утврдени од Владата во 2023 година не биле објавени на ЕНЕР како алатка за информирање и консултации со засегнатите страни. Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, Министерството за економија и Министерството за образование и наука спровеле консултации преку ЕНЕР за сите предлози на закони што ги доставиле за разгледување и биле утврдени од Владата на Република Северна Македонија во 2023 година. Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за култура објавиле на ЕНЕР повеќе од 65% од предлозите на закони од нивна надлежност, а Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за одбрана и Министерството за животна средина и просторно планирање објавиле 50% од предлозите на закони доставени за разгледување и утврдување од страна на Владата во 2023 година. Најмал процент на објавени предлози на закони на ЕНЕР имаат Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии.

Pavarsisht obligimit të përcaktuar në nenin 68-a të Rregullores së punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, që propozimet e ligjeve ministria kompetente t'i publikojë në faqet e saj të internetit dhe në Regjistrin e Vetëm Elektronik Nacional të Rregullave (RVEN) www.ener.gov.mk, 48,68% nga propozimet e ligjeve të përcaktuar nga Qeveria në vitin 2023 nuk janë publikuar në RVEN si mjet për informim dhe konsultim me palët e prekura. Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave, Ministria e Ekonomisë dhe Ministria e Arsimit dhe Shkencës zbatuan konsultime përmes RVEN-it për të gjitha propozimet e ligjeve që i kanë dorëzuar për shqyrtim dhe që ishin përcaktuar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut në vitin 2023. Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës dhe Ministria e Kulturës publikuan në RVEN më shumë se 65% nga propozimet e ligjeve nga kompetenca e tyre, ndërsa Ministria e Drejtësisë, Ministria e Transportit dhe Lidhjeve, Ministria e Mbrojtjes, Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor publikuan 50% të propozimit të ligjeve të dorëzuara për shqyrtim dhe përcaktim nga Qeveria në vitin 2023. Përqindje më të vogël të propozim ligjeve të publikuara në RVEN kanë Ministria e Punës dhe Politikës Sociale dhe Ministria e Financave.

Министерството за внатрешни работи, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерството за надворешни работи, Министерството за здравство и Министерството за локална самоуправа, во 2023 година не биле предлагачи на закони што подлежат на проценка на влијанието на регулативата.

Ministria e Punëve të Brendshme, Ministria e Sistemit Politik dhe Marrëdhënieve Ndërmjet Bashkësive, Ministria e Punëve të Jashtme, Ministria e Shëndetësisë dhe Ministria e Vetëqeverisjes Lokale, në vitin 2023 nuk kanë qenë propozues të ligjeve që i nënshtrohen vlerësimit të ndikimit të rregullativës.




Од 37 предлози на закони објавени на ЕНЕР, доставени се коментари за 22 предлози на закони (59,46%). Вкупниот број на коментари од засегнати страни е 139, од кои 19 коментари (13,67%) се од граѓански организации за 10 предлози на закони, што претставува намалување на учеството на коментари од граѓански организации во вкупниот број на

Nga 37 propozime të ligjeve të publikuara në RVEN, janë dorëzuar komente për 22 propozime të ligjeve (59,46%). Numri i përgjithshëm i komenteve nga palët e prekura është 139, nga të cilat 19 komente (13,67%) janë nga organizatat civile për 10 propozime të ligjeve, që paraqet ulje të pjesëmarrjes së komenteve nga organizatat civile në numrin e

коментари на ЕНЕР за 9,59% споредено со 2022 година (23,26%).

përgjithshëm të komenteve të RVEN-it për 9,59% krahasuar me vitin 2022 (23,26%).







Табела 1: Листа на 22 предлози на закони за кои се доставени коментари на ЕНЕР

Tabela 1: Lista e 22 propozim ligjeve për të cilat janë dorëzuar komente në RVEN

| **Закон**<br><br>**Ligji** | **Предлагач**<br><br>**Propozues** | **Број на коментари на ЕНЕР**<br><br>**Numri i komenteve të RVEN** | **Број на коментари од ГО**<br><br>**Numri i komenteve nga OC** | **Број на одговори од министерствата**<br><br>**Numri i përgjigjeve nga ministritë** |
|---|---|---|---|---|
| Предлог на закон за вработените во Министерството за одбрана<br><br>Propozim i Ligjit i të Punësuarve në Ministrinë e Mbrojtjes | Министерство за одбрана<br><br>Ministria e Mbrojtjes | 7 | 0 | 0 |
| Предлог на закон за Академија за судии и јавни обвинители (*)<br><br>Propozim i Ligjit të Akademisë së Gjykatësve dhe Prokurorëve Publik (*) | Министерство за правда<br><br>Ministria e Drejtësisë | 4 | 1 | 0 |
| Предлог на закон за помилување | Министерство за правда | 1 | 0 | 0 |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Propozim i Ligjit të Amnistisë | Ministria e Drejtësisë | | | |
| Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија<br><br>Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Bankës Popullore të Republikës së Maqedonisë së Veriut | Министерство за финансии<br><br>Ministria e Financave | 1 | 1 | 0 |
| Предлог на закон за проспект и обврски за транспарентност на издавачите на хартии од вредност (*)<br><br>Propozim i Ligjit të Prospektit dhe Detyrimeve për Transparencë të Emetuesve të Letrave me Vlerë (*) | Министерство за финансии<br><br>Ministria e Financave | 2 | 1 | 0 |
| Предлог на закон за финансиски инструменти<br><br>Propozim i Ligjit të Instrumenteve Financiare | Министерство за финансии<br><br>Ministria e Financave | 6 | 1 | 0 |
| Предлог на закон за инсолвентност (*)<br><br>Propozim i Ligjit të Insolvencës (*) | Министерство за економија<br><br>Ministria e Ekonomisë | 3 | 0 | 0 |
| Предлог на закон за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи (*)<br><br>Propozim i Ligjit për Ndalimin e Praktikave të Padrejta Tregtare në Zinxhirin e Furnizimit të Produkteve Bujqësore dhe Ushqimore (*) | Министерство за економија<br><br>Ministria e Ekonomisë | 4 | 3 | 0 |
| Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната (*)<br><br>Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Sigurisë së Ushqimit (*) | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br><br>Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave | 11 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пасиштата<br><br>Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Kullotave | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br><br>Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave | 1 | 0 | 1 |
| Предлог на закон за дивечот и ловството (*)<br><br>Propozim i Ligjit të Gjahut dhe Gjuetisë (*) | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br><br>Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave | 6 | 3 | 6 |
| Предлог на закон за рибарство и аквакултура (*)<br><br>Propozim i Ligjit të Peshkimit dhe Akuakulturës (*) | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br><br>Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave | 6 | 6 | 6 |
| Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование<br><br>Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Arsimit Fillor | Министерство за образование и наука<br><br>Ministria e Arsimit dhe Shkencës | 1 | 0 | 1 |
| Предлог на закон за образование на возрасните<br><br>Propozim i Ligjit të Arsimit të të Rriturve | Министерство за образование и наука<br><br>Ministria e Arsimit dhe Shkencës | 2 | 0 | 1 |
| Предлог на закон за системот на проценка на лица со попреченост<br><br>Propozim i Ligjit për Sistemin e Vlerësimit të Personave me Aftësi të Kufizuara | Министерство за труд и социјална политика<br><br>Ministria e Punës dhe Politikës Sociale | 1 | 0 | 0 |
| Предлог на закон за употреба на македонскиот јазик | Министерство за култура | 3 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Propozim i Ligjit të Përdorimit të Gjuhës Maqedonase | Ministria e Kulturës | | | |
| Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права (*)<br><br>Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të të Drejtave të Autorit dhe të Drejtave të Përafërta (*) | Министерство за култура<br><br>Ministria e Kulturës | 3 | 0 | 2 |
| Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги (*)<br><br>Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Shërbimeve Mediatike Audio dhe Audiovizuele (*) | Министерство за информатичко општество и администрација<br><br>Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës | 1 | 0 | 0 |
| Предлог на закон за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформација (*)<br><br>Propozim i Ligjit të Sigurisë së Rrjeteve dhe Sistemit Informativ dhe Transformimit Digjital (*) | Министерство за информатичко општество и администрација<br><br>Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës | 11 | 1 | 0 |
| Предлог на закон за административни службеници (*)<br><br>Propozim i Ligjit të Nëpunësve Administrativ (*) | Министерство за информатичко општество и администрација<br><br>Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës | 44 | 1 | 0 |
| Предлог на закон за вработените во јавниот сектор (*)<br><br>Propozim i Ligjit i të Punësuarve në Sektorin Publik (*) | Министерство за информатичко општество и администрација<br><br>Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës | 19 | 1 | 0 |
| Предлог на закон за воздухопловство<br><br>Propozim i Ligjit të Aviacionit | Министерство за транспорт и врски | 2 | 0 | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Ministria e Transportit dhe Lidhjeve | | | |
| Вкупно Gjithsej | | 139 | 19 | 18 |

Листа на 5 предлози на закони објавени на ЕНЕР со најголем број коментари од засегнати страни

Lista e 5 propozim ligjeve të publikuara në RVEN me numër më të madh të komenteve nga palët e prekura

- Предлог на закон за администра-тивни службеници (44)
- Предлог на закон за вработените во јавниот сектор (19)
- Предлог на закон за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформа-ција (11)
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната (11)
- Предлог на закон за вработените во Министерств-ото за одбрана (7)

- Propozim i Ligjit të Nëpunësve Administrativ (44)
- Propozim i Ligjit i të Punësuarve në Sektorin Publik (19)
- Propozim i Ligjit të Sigurisë së Rrjeteve dhe Sistemit Informativ dhe Transformimit Digjital (11)
- Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për Siguri të Ushqimit (11)
- Propozim i Ligjit i të Punësuarve në Ministrinë e Mbrojtjes (7)

Листа на 3 предлози на закони објавени на ЕНЕР со најголем број коментари од граѓански организации

Lista e 3 propozim ligjeve të publikuara në RVEN me numër më të madh të komenteve nga organizatat civile

- Предлог на закон за рибарство и аквакултура (6)
- Предлог на закон за дивечот и ловството (3)
- Предлог на закон за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи (3)




Согласно одговорите на Прашалникот за механизмите на консултација со граѓанските организации при подготовка на предлозите на закони во 2023 година, министерствата формирале работни групи за 30 предлози на закони, а претставници на граѓанските организации биле вклучени во работните групи за 9 закони (30%), што претставува намалување за 16,15% споредено со 2022 година, кога од вкупно формирани 26 работни групи, во 46,15% (12 работни групи) имало претставници на граѓански организации.

Në përputhje me përgjigjet e Pyetësorit për mekanizmat e konsultimit me organizatat civile gjatë përgatitjes së propozimeve të ligjeve në vitin 2023, ministritë kanë formuar grupe të punës për 30 propozim ligje, ndërsa përfaqësuesit e organizatave civile ishin përfshirë në grupe të punës  të 9 ligjeve (30%), që paraqet ulje për 16,15% krahasuar me vitin 2022, kur nga gjithsej 26 grupe të punës të formuara, në 46,15% (12 grupe të punës) kishte përfaqësues të organizatave civile.




Според добиените одговори на прашалникот, повеќето министерства формирале работни групи за подготовка на дел од предлозите на закони во 2023 година, со исклучок на Министерството за економија кое има формирано работни групи за сите предлози на закони кои се во негова надлежност, но без учество на претставници на граѓански организации. Министерството за земјоделство шумарство и

Sipas përgjigjeve të marra në pyetësorin, shumica e ministrive kanë formuar grupe të punës për përgatitjen e një pjese prej propozim ligjeve në vitin 2023, me përjashtim të Ministrisë së Ekonomisë, e cila ka formuar grupe të punës për të gjitha propozim ligjet që janë në kompetencë të saj, por pa pjesëmarrjen e përfaqësuesve të organizatave civile. Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave formoi grupe të punës për

водостопанство формирало работни групи за подготовка на повеќе од 60% од предлозите на закони и во сите работни групи вклучило преставници на граѓански организации, додека пак Министерството за транспорт и врски се изјаснило дека не го практикувало овој механизам за консултации во текот на 2023 година.

përgatitjen e më shumë se 60% të propozim ligjeve dhe përfshiu përfaqësues të organizatave civile në të gjitha grupet e punës, ndërsa Ministria e Transportit dhe Lidhjeve deklaroi se nuk e ka praktikuar këtë mekanizmëm për konsultim gjatë vitit 2023.

Табела 2: Листа на предлози на закони за кои биле формирани работни групи и учество на претставници на граѓански организации во работни групи во 2023 година

Tabela 2: Lista e propozim ligjeve për të cilat janë formuar grupe të punës dhe pjesëmarrja e përfaqësuesve të organizatave civile në grupet e punës në vitin 2023

| **Предлагач**<br><br>**Propozues** | Предлози на закони за кои биле формирани работни групи во 2023 година<br><br>Propozime të ligjeve për të cilat ishin formuar grupe të punës në vitin 2023 | Учество на граѓански организации во работната група<br><br>Pjesëmarrja e organizatave civile në grupet e punës |
|---|---|---|
| Министерство за одбрана<br><br>Ministria e Mbrojtjes | Предлог на закон за вработените во Министерството за одбрана<br>Propozim i Ligjit i të Punësuarve në Ministrinë e Mbrojtjes | √ |
| Министерство за правда<br><br>Ministrisë së Drejtësisë | Предлог на закон за Канцеларија за поврат на имот (*)<br><br>Propozim i Ligjit për Zyrën e Kthimit të Pronës (*) | √ |
| Министерство за правда<br><br>Ministrisë së Drejtësisë | Предлог на закон за правда за децата (*)<br><br>Propozim i Ligjit për Drejtësi për Fëmijët (*) | √ |
| Министерство за правда<br><br>Ministrisë së Drejtësisë | Предлог на закон за помилување<br><br>Propozim i Ligjit të Amnistisë | |
| Министерство за финансии<br><br>Ministria e Financave | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка (*)<br><br>Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Tatimit mbi Fitimin (*) | |
| Министерство за финансии<br><br>Ministria e Financave | Предлог на закон за данокот на солидарност (*)<br><br>Propozim i Ligjit të Tatimit të Solidaritetit (*) | |

| | | |
|---|---|---|
| Министерство за финансии<br><br>Ministria e Financave | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност (*)<br><br>Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Tatimit mbi Vlerën e Shtuar (*) | |
| Министерство за финансии<br><br>Ministria e Financave | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите<br><br>Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Akcizave | |
| Министерство за финансии<br><br>Ministria e Financave | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Развојната банка на Северна Македонија(*)<br><br>Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Bankës Zhvillimore të Maqedonisë së Veriut (*) | |
| Министерство за финансии<br><br>Ministria e Financave | Предлог на закон за решавање банки (*)<br><br>Propozim i Ligjit për Zgjidhjen e Bankave (*) | |
| Министерство за финансии<br><br>Ministria e Financave | Предлог на закон за проспект и обврски за транспарентност на издавачите на хартии од вредност (*)<br><br>Propozim i Ligjit të Prospektit dhe Detyrimeve për Transparencë të Emetuesve të Letrave me Vlerë (*) | |
| Министерство за финансии<br><br>Ministria e Financave | Предлог на закон за финансиски инструменти<br><br>Propozim i Ligjit të Instrumenteve Financiare | |
| Министерство за економија<br><br>Ministria e Ekonomisë | Предлог на закон за инсолвентност (*)<br><br>Propozim i Ligjit të Insolvencës (*) | |
| Министерство за економија<br><br>Ministria e Ekonomisë | Предлог на закон за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи (*)<br><br>Propozim i Ligjit për Ndalimin e Praktikave të Padrejta Tregtare në Zinxhirin e Furnizimit të Produkteve Bujqësore dhe Ushqimore (*) | |
| Министерство за економија<br><br>Ministria e Ekonomisë | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриски и зелени зони<br><br>Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Zonave Industriale dhe të Gjelbra | |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Предлог на закон за советодавен систем за земјоделството и руралниот развој (*) | √ |

| | | |
|---|---|---|
| Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave | Propozim i Ligjit të Sistemit Këshillëdhënës për Bujqësi dhe Zhvillim Rural (*) | |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br><br>Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave | Предлог на закон за дивечот и ловството (*)<br><br>Propozim i Ligjit të Gjahut dhe Gjuetisë (*) | √ |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br><br>Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave | Предлог на закон за виното<br><br>Propozim i Ligjit të Verës | √ |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br><br>Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave | Предлог на закон за рибарство и аквакултура (*)<br><br>Propozim i Ligjit të Peshkimit dhe Akuakulturës (*) | √ |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br><br>Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната (*)<br><br>Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Sigurisë së Ushqimit (*) | √ |
| Министерство за образование и наука<br><br>Ministria e Arsimit dhe Shkencës | Предлог на закон за образование на возрасните<br><br>Propozim i ligjit të Arsimit të të Rriturve | √ |
| Министерство за труд и социјална политика<br><br>Ministria e Punës dhe Politikës Sociale | Предлог на закон за системот на проценка на лица со попреченост<br><br>Propozim i ligjit të Sistemit të Vlerësimit të Personave me Aftësi të Kufizuara | |
| Министерство за труд и социјална политика<br><br>Ministria e Punës dhe Politikës Sociale | Предлог на закон за регистар на задолжително социјално осигурување<br><br>Propozim i ligjit të Regjistrit të Sigurimit të Detyrueshëm Social | |
| Министерство за култура<br><br>Ministria e Kulturës | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права (*)<br><br>Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për të Drejtat e Autorit dhe të Drejtat e Përafërta (*) | |

| | | |
|---|---|---|
| Министерство за информатичко општество и администрација<br><br>Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги (*), утврден на 155.седница на Владата, одржана на 17.5.2023 година<br><br>Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Shërbimeve Mediatike Audio dhe Audiovizuele (*), përcaktuar në seancën e 155-të të Qeverisë, mbajtur më 17.5.2023 | |
| Министерство за информатичко општество и администрација<br><br>Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги (*), утврден на 189.седница на Владата, одржана на 3.10.2023 година<br><br>Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Shërbimeve Mediatike Audio dhe Audiovizuele (*), përcaktuar në seancën e 189-të të Qeverisë, mbajtur më 3.10.2023 | |
| Министерство за информатичко општество и администрација<br><br>Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës | Предлог на закон за административни службеници (*)<br><br>Propozim i Ligjit të Nëpunësve Administrativ (*) | |
| Министерство за информатичко општество и администрација<br><br>Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës | Предлог на закон за вработените во јавниот сектор (*)<br><br>Propozim i Ligjit i të Punësuarve në Sektorin Publik (*) | |
| Министерство за информатичко општество и администрација]<br><br>Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës | Предлог на закон за стручно усовршување и обука на административните службеници<br><br>Propozim i Ligjit të Aftësimit Profesional dhe Trajnime të Nëpunësve Administrativ | |
| Министерство за информатичко општество и администрација<br><br>Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës | Предлог на закон за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформација (*)<br><br>Propozim i Ligjit të Sigurisë së Rrjeteve dhe Sistemit Informativ dhe Transformimit Digjital (*) | |
| Вкупно<br>Gjithsej | 30 | 9 |

Согласно одговорите на Прашалникот, министерствата најчесто користеле јавни расправи и консултации преку ЕНЕР како механизам за вклучување на граѓанските организации во процесот на подготовка на предлозите на закони, а помалку практикувани механизми се користење на анализи или извештаи на граѓанските организации и вклучување на претставници на граѓански организации во работни групи за подготовка на предлози на закони.

Në përputhje me përgjigjet e Pyetësorit, ministritë më së shpeshti kanë shfrytëzuar diskutimet publike dhe konsultimet përmes RVEN-it si mekanizëm për përfshirjen e organizatave civile në procesin e përgatitjes së propozim ligjeve, ndërsa mekanizmat më pak të praktikuara janë shfrytëzimi i analizave apo raporteve të organizatave civile dhe përfshirja e përfaqësuesve të organizatave civile në grupet e punës për përgatitjen e propozim ligjeve.




Во однос на прашањето како го оценуваат придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање политики, за 42,55% од утврдените предлози на закони во 2023 година

Për sa i përket çështjes se si e vlerësojnë kontributin e organizatave civile në procesin e krijimit të politikave, për 42,55% nga propozim ligjet e përcaktuara në vitin 2023, ministritë konsiderojnë

министерствата сметаат дека придонесот на граѓанските организации е суштински, за 31,91% предлози на закони дека е задоволителен, за 25,53% предлози на закони оцениле дека придонесот е недоволен.

se kontributi i organizatave civile është thelbësor, për 31,91% të propozim ligjeve është i kënaqshëm, për 25,53% të propozim ligjeve kanë vlerësuar se kontributi është i pamjaftueshëm.




*3.1. Министерство за одбрана*

Во периодот јануари – декември 2023 година од страна на Владата на Република Северна Македонија биле утврдени 2 предлози на закони од надлежност на Министерството за одбрана (Предлог на закон за вработените во Министерството за одбрана и Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија). Предлогот на закон за вработените во Министерството за одбрана бил објавен на ЕНЕР и била формирана работна група, во која биле вклучени и претставници на граѓански организации. Исто така, министерството спровело консултации преку ЕНЕР и организирало јавни расправи и за Предлогот на закон за критична инфраструктура. Министерството за одбрана придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање на политики го оценува како суштински.

*3.1. Ministria e Mbrojtjes*

Në periudhën janar - dhjetor viti 2023, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut ka përcaktuar 2 propozim ligje në kompetencë të Ministrisë së Mbrojtjes (Propozim i Ligjit i të Punësuarve në Ministrinë e Mbrojtjes dhe Propozimi i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin Ligjit të Shërbimit të Armatës së Republikës së Maqedonisë së Veriut). Propozimi i Ligjit i të Punësuarve në Ministrinë e Mbrojtjes ishte publikuar në RVEN dhe ishte formuar grup i punës në të cilin ishin përfshirë edhe përfaqësues të organizatave civile. Gjithashtu, ministria ka zhvilluar konsultime përmes RVEN-it dhe ka organizuar diskutime publike edhe për Propozimin e Ligjit të Infrastrukturës Kritike. Ministria e Mbrojtjes kontributin e organizatave civile në procesin e krijimit të politikave e vlerëson si thelbësor.

*3.2. Министерство за внатрешни работи*

Во периодот јануари – декември 2023 година од страна на Владата на Република Северна Македонија не биле утврдени предлози на закони од надлежност на Министерството за внатрешни работи. Сепак, во текот на 2023

*3.2. Ministria e Punëve të Brendshme*

Në periudhën janar – dhjetor viti 2023 nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut nuk ishin përcaktuar propozime të ligjeve nga kompetenca e Ministrisë së Punëve të Brendshme. Megjithatë, gjatë vitit 2023, kjo ministri ka punuar

година ова министерство работеше на подготовка на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето и Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи. За двата закони биле формирани работни групи со вклучени претставници на граѓански организации, а нивниот придонес во процесот на креирање на политики ова министерство го оцени како суштински.

*3.3. Министерство за правда*

Во периодот јануари – декември 2023 година од страна на Владата на Република Северна Македонија биле утврдени вкупно 12 предлози на закони од надлежност на Министерството за правда (Предлог на закон за Академија за судии и јавни обвинители (*), Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Предлог на закон за амнестија, Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите, Предлог закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*), Предлог на закон за изменување на Законот за спорт, Предлог на закон за помилување, Предлог на закон за канцеларија за поврат на имот (*), Предлог на закон за правда за децата (*), Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државното правобранителство на Република Северна Македонија, Предлог на закон за изменување на Законот за судска служба и Предлог на закон за изменување на Законот за јавнообвинителска служба), а на ЕНЕР објавени се 6 од нив (Предлог на закон за Академија за судии и јавни обвинители (*), Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите, Предлог закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*), Предлог на закон за помилување, Предлог на закон за канцеларија за поврат на имот (*) и Предлог на закон за правда за децата (*)). Согласно податоците добиени од министерството, во работните групи за подготовка на Предлог на закон за Канцеларија за поврат на имот (*) и

në përgatitjen e Propozimit të ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Armëve dhe Propozim ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Punëve të Brendshme. Për të dy ligjet ishin formuar grupe të punës me përfshirjen e përfaqësuesve të organizatave civile, ndërsa kontributiin e tyre në procesin e krijimit të politikës kjo ministri e vlerësoi si thelbësor.

*3.3. Ministria e Drejtësisë*

Në periudhën janar - dhjetor viti 2023, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut përcaktoi gjithsej 12 propozime të ligjeve në kompetencë të Ministrisë së Drejtësisë (Propozim i Ligjit të Akademisë së Gjykatësve dhe Prokurorëve Publikë (*), Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Kodit Penal, Propozim i Ligjit të Amnistisë, Propozim i Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Ekzekutimit të Sanksioneve, Propozim i Ligjit të Menaxhimit të Pronës së Konfiskuar, Përfitimit Pronësor dhe Sendeve të Konfiskuara në Procedurë Penale dhe Kundërvajtëse(*), Propozim i Ligjit për ndryshimin e Ligjit të Sportit, Propozim i Ligjit të Amnistisë, Propozim i Ligjit për Zyrën e Kthimit të Pronës (*), Propozim i Ligjit për Drejtësinë për Fëmijët (*), Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Avokaturës Shtetërore të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për Shërbimin Gjyqësor dhe Propozim i ligjit për ndryshimin e Ligjit të Shërbimit të Prokurorisë Publike, ndërsa në RVEN janë publikuar 6 prej tyre (Propozim i Ligjit të Akademisë për Gjykatësit dhe Prokurorët Publikë (*), Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Ekzekutimit të Sanksioneve, Propozim i Ligjit të Menaxhimit të Pronës së Konfiskuar, Përfitimit Pronësor dhe Sendeve të Konfiskuara në Procedurë Penale dhe Kundërvajtëse (*),Propozim i Ligjit të Amnistisë, Propozim i Ligjit për Zyrën e Kthimit të Pronës (*) dhe Propozim i Ligjit për Drejtësinë për Fëmijët (*)). Në përputhje me të dhënat e marra nga ministria, në grupet e punës për përgatitjen e Propozim Ligjit për Zyrën e Kthimit të Pronës (*) dhe Propozim Ligjit për Drejtësinë për Fëmijët (*) kanë marrë pjesë përfaqësues të

Предлог на закон за правда за децата (*) учествувале претставници на граѓански организации. Покрај консултации преку ЕНЕР и учество во работни групи, министерството во 2023 година користело и други механизми за вклучување на граѓанските организации при подготовка на предлозите на закони: консултации преку веб страницата на министерството; средби со граѓански организации, јавни расправи и користење на анализи/извештаи на граѓанските организации при подготовка на предлог-законите, а придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање политики за дел од предлозите на закони го оценува како суштински, а за дел како задоволителен.

*3.4. Министерство за финансии*

Во периодот јануари – декември 2023 година од страна на Владата на Република Северна Македонија биле утврдени 20 предлози на закони од надлежност на Министерството за финансии ( Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви, Предлог на закон за данок за солидарност, Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри (*), Предлог на закон за изменување на Законот за пријавување и евиденција на обврски, Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп– Битола) во Република Северна Македонија, Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка (*), Предлог на закон за данокот на солидарност (*), Предлог на закон за измена и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност (*), Предлог на закон за

organizatave civile. Përveç konsultimeve përmes RVEN-it dhe pjesëmarrjes në grupet e punës, ministria në vitin 2023 ka shfrytëzuar edhe mekanizma të tjera për përfshirjen e organizatave civile gjatë përgatitjes së propozim ligjeve: konsultime përmes faqes së ueb-it të ministrisë; takimet me organizatat e organizatave civile, diskutimet publike dhe përdorimi i analizave/raporteve të organizatave civile gjatë përgatitjes së propozimit të ligjeve, ndërsa kontributi i organizatave civile në procesin e krijimit të politikave për një pjesë të propozim ligjeve e vlerëson si thelbësor, ndërsa për një pjesë si të kënaqshme.

*3.4. Ministria e Financave*

Në periudhën janar – dhjetor viti 2023, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut ka përcaktuar 20 propozim ligje në kompetencë të Ministrisë së Financave (Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Bankës Popullore të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Rezervave të Mallrave, Propozim i Ligjit të Tatimit të Solidaritetit, Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Lojërave të Fatit dhe Lojërave Argëtuese (*), Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin të Ligjit të Paraqitjes dhe Evdencës së Obligimeve, Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin të Përcaktimit të Interesit Publik dhe Nominimit të Partnerit Strategjik për Zbatimin e Projektit Ndërtim Infrastrukturor të Kooridorit 8 (seksioni: Tetovë - Gostivar - Bukojçan dhe projekti për autostradën Trebenishtë - Strugë – Qafë Thanë) dhe Korridori 10 D (seksioni i autostradës Prilep - Manastir) në Republikën e Maqedonisë së Veriut, Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin të Ligjit të Shpronësimit, Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin të Ligjit të Tatimit mbi Fitimin (*), Propozim i ligjit të Tatimit të Solidaritetit (*), Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Tatimit mbi Vlerën e Shtuar (*), Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Akcizës, Propozim i ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Bankës Zhvillimore të

